**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 октомври 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 14,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Седумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Бесим Догани, Силвана Бонева, Мирјана Секуловска, Горан Мисовски, Фијат Цаноски, Андреј Жерновски, Данаил Дончев, Радмила Шекеринска, Славица Грковска, Лазар Китановски, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Елмазе Селмани, Теута Арифи, Агрон Буџаку, Рафис Алити, Али Ахмети, Фазли Велиу, Игор Ивановски, Тито Петковски и Александар Спасеновски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се Претседателот на Република Македонија и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот за донесување по итна постапка на закон за издавање на вредносни бонови - ваучери, со Предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка на оваа седница да се донесе Закон за издавање на вредносни бонови - ваучери.

Предлогот на Владата ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор господинот министер за финансии Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Има неколку причини зошто законот Владата го предлага и замолува Парламентот да го донесе по итна постапка.

Прво, вчера стана оперативен вториот ребаланс на Буџетот на Република Македонија, со кој се обезбедени потребните средства за оваа, се надевам дека ќе се согласите благородна иницијатива.

Буџетот треба да се реализира до крајот на годината. Остануваат нецели три месеци. Исто така, ова се поклопува со почетокот на учебната година персоналните сметачи, односно компјутерите, на студентите им се најпотребни во текот на студиите, оние кои со овој закон се определиле да ги добијат.

Со оглед на тоа што има некои операции кои што треба соодветни органи и министерства на Владата, да ги подготват претходно од аспект на издавањето, печатењето, дистрибуцијата и целокупната реализација на оваа идеја, замисла, за тоа потребно е време. Со цел да се реализира до крајот на годината оваа задача, неопходно е законот Собранието да го донесе по итна постапка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 50 пратеници, за гласале 49, воздржано 1, против нема.

Сепак, уште еднаш ги замолувам службите да достават точен број на присутни пратеници за време на гласањето.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 53 гласале за, воздржан 1, против нема.

За време на гласањето во салата беа присутни 63 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог на закон за издавање на вредносни бонови - ваучери.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 50 пратеници, сите 50 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точка 1 - Предлог на закон за издавање на вредносни бонови - ваучери.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратениците Јани Макрадули, Тале Герамитчиоски, Марјанчо Николов и Весна Бендевска, поднесоа амандмани на член 1, член 5 ставови 1 и 2, член 10 став 1 и на член 12 став 1, член 12 ставови 1 и 2, член 15 ставови 1 и 2, член 11 став 1 и на член 17 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Никола Ќуркчиев, Весна Бендевска, Тале Герамитчиоски, Марјанчо Николов, Влатко

Серафимов и Јани Макрадули поднесоа амандмани на член 1 за додавање нов член 1-А по членот 1 и на член 2 ставови 1, 2 и 3 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Јани Макрадули, Весна Бендевска, Мери Ѓорѓиевска Младеновска, Тале Герамитчиоски, Благородна Цветковска, Никола Рилковски, Марјанчо Николов и Ацо Киров поднесоа амандман на член 7. По членот 7 се додава нов член 7-А кој гласи. Не го читам ова.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Весна Бендевска, Тале Герамитчиоски, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Дали има потреба од експозе.

**Љубиша Георгиевски:** Се извинувам, господине министре, повелете. Не, не ја заклучивме расправата. Имаме грешка во сценариото.

Бидејќи е предлог на закон директно одиме по сценариото. Сеедно, и мене ми беше малку чудно, но се е во ред.

Значи, одиме веднаш на амандманската расправа.

Отворам претрес по амандмнот на член 1, поднесен од пратениците ...

(Дофрлање од место)

Имаме очигледно и со службата недоразбирање. Ако сакате да направиме десет минути координација да се договориме.

Предлагам пауза од 10 минути да се договориме на координација. Подобро да се договориме отколку да има недоразбирање.

(Пауза од 15,02 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,15 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата. Ги повикувам уште еднаш пратениците да влезат во салата, продолжуваме со седницата.

Продолжуваме со седницата.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Весна Бендевска, Тале Герамитчиоски, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Славески.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе, амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе, почитуван министер, колеги пратеници,

На почетокот на образложување на овој амандман, јас би сакал јасно и недвосмислено да го искажам ставот на СДСМ дека ние сметаме дека оваа идеја на Владата е добра и дека е за поздравување, ќе помогне многу во подобрување на стандардот и можностите на кариерен напредок на студените, но искрено кажано, имаме одредени забелешки како од суштински карактер, така и од формален карактер преточени во самата структура од предложениот закон.

На почетокот, нејасно е зошто се пристапи кон потребата од формирање на закон за реализирање на оваа идеја, бидејќи кај поголем број на пратениците и оние поискусните кои добро го владеат Деловникот и одредбите од Деловникот и искуството на претходните парламентарни состави јасно и недвосмислено се кажа дека немало ваква форма на предложен закон, со ваква цел, со ваква суштинска структура и со ваков рок на траење. Или, можеби ќе беше добро и за идната работа на овој Парламент и за идни парламенти да се образложи потребата зошто Владата за оваа цел се реши да создаде закон со ваква структура. Уште повеќе, за ова можеби нема да добијам образложение, но за ова што сега ќе го побарам, почитуван министер, навистина затечени сме непријатно од постапката на Министерството односно на Владата, во петокот го усвоивме ребалансот на Буџетот, овде се водеа дебати, се даваа амандмани, се расправа по трет пат за буџет оваа тековна година, редно беше да се спомне дека имате намера со тој ребаланс на Буџетот дел од средствата од Буџетот да ги одвоите за подигнување на студенскиот стандард, конкретно со овој проект. Ние такво образложение од ваша страна не слушнавме. Дали сакавте пријатно да не изненадите, дали скавте непријатно да не изненадите, ќе остане да лебди во воздух. Очекувам да го кажете изборот на средства. Сега би требало да кажете од која ставка ќе се извлечат овие 123 милиони денари, претпоставувам од функции на државата, од тековни трансфери, други трансфери.

Бидејќи Министерството за финансии е предлагач претпоставувам дека целата операција - носители ќе бидете вие, нема да биде Министерството за образование и наука кое што природно се грижи за овој ресор.

Едно од најдискутабилното прашања при анализа на оваа идеја, значи овој проект е значи целната група која што си ја поставивте како Влада. Овој амандман се однесува на таа целна група. Ваша целна група се апсолвентите. Како што е напишано во законот во членот 1 "редовните студенти државјани на Република Македонија кои за прв пат се запишани во завршните години на студиите во учебната 2007 - 2008 година".

Дозволете едно попрецизно образложение зошто сметаме во овој амандман кој што го поднесовме дека треба да се однесува и за прв пат запишените бруцоши и во оваа учебна 2007 - 2008 година. Значи, очекуваме навистина со нестрпливост дека конечно ќе се усвои новиот

закон за високо образование во кој што Бољонската декларација и облигаторно ќе биде преточена во законски рамки како обврска на восокообразовните институции да се реформираат согласно со принципите на Бољонската декалрација. Без да има некои амбиции на широко да елаборира првава генерација на бруцоши кои што сега се запишува ќе биде во најтешка ситуација во од на своја кожа да ги истрпат сите оние реформски процеси кои што високообразовните институции ќе мора да ги вршат, меѓудругото и промена на студиските програми, содржините по одредени предмети и области и најважно методологијата на изведување на наставата со вклучување на информатичко-компјутерска технологија и начинот на континуирано оценување бидејќи кај трансферсистемот всушност тоа го бара. Значи, ќе дојде до неминовна потреба студентот кој што сега е во прва година да не може воопшто ни да мрдне на студии во позитивна смисла без да поседува можност за непречен пристап кон информатичко-компјутерска технологија.

Затоа ја оправдуваме, ја поздравуваме вашата намера за подигнување на нивото на користење на информатичко-компјутерска технологија, но еве ви даваме пас да се зголеми таргет групата и на бруцошите на кои што овие компјутери ќе им бидат уште попотребни отколку на апсолвентите.

Доколку мислите дека има потреба од поширока елаборација јас можам да ви зборувам тука два дена на се што ќе ги очекува сега новозапишаните буцоши. Навистина нема потреба, значи не е амандманот даден, само така од ракав фрлен, оваа бројка од околу 18 илјади вклучувајќи ја и приватната, значи приватното високо образование во кое што има одредена бројка на студенти да им се даде можност иницијативата на Владата преку преточување на овој проект да овозможи вклучување во реформските бољонски процеси кои што секој факултет ќе мора да ги спроведе.

И конкретно амандманот бидејќи се беше набрзина, да го прочитам и за пратениците и за јавноста. “Во членот 1 се предвидува издавање на вредносни бонови, ваучери за набавување на компјутери на редовните студенти државјани на Република Македонија кој за прв пат се запишани во завршните години во учебната 2007-2008 година”. Ние додаваме збор, “кои за прв пат се запишани во прва и во завршната година” значи и за бруцошите и за апсолвентите и потоа следи исправка на сумите односно бројот на прачиња кои што сме ги предвиделе во член 2, но тоа е во другиот амандман да искористам ситуацијата да најавам дека амандманите всушност се поврзани еден во однос на друг и јасно и недвосмислено да се прочита и да се осознае која била целта на предложување на овие амандмани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Следен за збор е господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници.

Јас би сакал да земам збор во однос на овој амандман кој што е предложен не случајно. Претпоставуваме или можеме сите да имаме резерва кон мотивите на предлагачот зошто токму сега е донесен или предложен еден ваков закон. Без разлика на се јас би сакал на самиот почеток, за да објаснам на предлагачот зошто ценам дека треба да биде прифатен овој амандман да отворам неколку дилеми кои произлегуваат од материјалот од оваа точка.

Прво, и во делот на постапката видовме дека дури и собраниските служби се збунија и не знаеа како да започне оваа наша дебата, меѓутоа сигурно се збунети сите оние што велат дека и од образложението на итноста на постапката за носење на овој закон, кој според мене е можеби привиот аргумент дека се работи за една атхок, за една дневна би рекол, популистичка метода или пристап, а не една планирана и систематска мерка на Владата. Да беше поинаку сигурно тоа ќе го чуевме или нешто слично ќе слушневме при расправата за Буџетот дека Владата раководена од навистина сериозните мотиви посветени на таргет групата која се однесува на законот со една испланирана системска мерка ќе го направеше тоа во првата половина од година, а не после 1 октомври кога веќе всушност започна школската година за студентите.

Се разбира дека во корпусот на комплексни проблеми со кои што се соочуваат студентиете не е само овој, дека е тој многу поширок проблемот на нашите студенти можеби да не речам и суштински е не самото ниво на ПС-пенетрацијата, туку еден друг сегмент, а тоа е сместувањето, стандардот на студенскиот живот итн. И да не должам многу, ценам можеби многу поправилно ќе постапеше Владата доколку се одлучеше да помогне на одредена група особено во прашање студенти кои ја започнуваат својата академска работа, односно да започнеше токму со оние кои за прв пат се запишаа на нашите универзитети и тоа да беше главната целна група за ваквата предлог мерка.

Не се сложувам со оние кои ќе речат дека дел од студентите кои што се запишуваат во прва година 20 или 30% после првата година ги напуштаат студите. Ако 20% ги напуштаат, а 10% ако останеа со една ваква мерка нашата задача ќе ја исполневме, ако од 30%, 15% да останеа сите ќе бевме многу позадоволни од ова што е денеска предложено. Ценам дека без разлика каков е пристапот таргет групата и зошто еден токму ваков проект се носи после вториот ребаланс на Буџетот. Мислам дека со еден ваков проект Владата мораше да направи нешто повеќе да тоа биде многу порано, а не токму сега кога веќе и родителите и студентите го наоѓаат или се снаоѓаат и бараат начин за исполнување на одредени услови за нивно учество на нашите универзитети.

Од тие причини почитуван министре ценам дека овој амандман треба да ви е прифатлив. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Трајанов за збор или реплика?

Повелете вашите три минути, Павле Трајанов со реплика.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе.

Јас сакам само накратко да реплицирам на дискусијата на пратеникот Ќуркчиев. Мислам дека сосема е јасно дека и овој Предлог на закон е дел од програмата на Владата за реформи во образованието посебно во делот каде што се предвидува компјутеризација односно да бидат учениците па и студентите оспособени да можат да користат интернет, да работат на компјутери како и определбата на Владата за обезбедување услови за изучување на странски јазици. Мислам дека во оваа насока треба да се развие овој Предлог, а не дека тоа е одраз на некоја систематска или суштинска промена која што се предлага сега и фактот дека и пратениците од СДСМ веќе предложија одредени амандмани кои верувам дека заслужуваат внимание, можеби некој од нив Владата или парламентарното мнозинство ќе ги прифати, мислам дека сепак треба да прифатиме дека се работи за еден законски проект за кој што во голема мера ќе обезбеди услови на оние студенти кои се непосредно пред завршување на студии, да се подготват и да можат да бидат поподготвени за вклучување на новите работни обврски кои ќе претстојат пред нив. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Никола Ќуркчиев, една минута контра реплика, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Очигледно колегата Трајанов, апсолутно не го разбрал амандманот кој што е предложен од наша страна. Доволно ќе беше да го погледне законот уште подобро ќе беше ако го прочиташе и ако види дека во истиот е содржано основното начело врз кое што предлагачот го заснива носењето на овој закон, а тоа е поттикнување и помагање на научниот и технолошкиот равој на младите луѓе во оваа земја. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министер.

Би сакал јас да продискутирам околу предложениот амандман. Најпрво би сакал да кажам свое мислење по однос на идејата на Владата за поднесување на овој закон за доделување на вредносни бонови, ваучери за набавка на компјутери.

Навистина, поради итноста на предлогот од страна на Владата, не можевме да слушнеме образложение или кои биле мотивите на Владата токму ваков закон да прдложи, ако основните мотиви се оние што се наведени овде во образложението, дека треба да се зголеми побрзото ширење на информатичките технологии меѓу помладата генерација. Идејата е за поздравување. Меѓутоа, се отвораат повеќе прашања и во таа насока би сакал и министерот, до колку процени да се вклучи во дискусиите, да ни даде одговор на некои наши прашања.

Бидејќи минатата недела го усвоивме ребалансот на Буџетот, министерот не најави никаква активност во оваа насока, односно дека ќе се одделат средства за набавка на компјутери. Затоа сметаме дека проектот е можеби избрзан или во моментот на Владата и дошло на идеја да предложи ваков закон, а притоа по итна постапка го доставува до Собранието. Навистина би сакал да слушнам зошто баш оваа целна група, односно баш апсолвентите се определени да бидат оние кои ќе ги користат поволностите од ваучери во вредност од 200 евра за набавка на компјутери, дали Владата има некакви сознанија дека токму кај оваа целна група е најмала употребата на информатичката технологија, дали тие располагаат со најмалку вештини во примена на софтверските информатички технологии? Навистина не е јасно зошто баш сте се определиле за оваа група на студенти.

Затоа ценевме дека е многу подобро пошироката примена на информатичката технологија да почне од првата година на студии, односно да бидат опфатени и бруцошите.

Исто така, зошто Владата не се определи, кога веќе води една кампања “Компјутер за секое дете”, не направи кампања компјутер за секој студент, да ги опреми универзитетите со добра информатичка технологија. Мислам дека сумата е доста солидна и ќе овозможеше сите студенти кои студираат на сите универзитети да имаат пристап и на тој начин не е само кај апсолвентите да се прошири употребата на информатичката технологија, туку буквално кај сите оние кои се запишани кај универзитетите, ќе можеа да ги користат овие придобивки.

Но, бидејќи не бевме удостоени со образложение од страна на Министерството или од Владата зошто токму на овој начин сте се решиле да ги помогнат апсолвентите, сметаме дека со нашиот амандман навистина се создава можност студентите да се оспособат и за користење на информатичка технологија, но и за подобрување на нивните работни вештини, до колку почнат со примена на компјутери уште во прва година на студии. Таму, значително со тоа ќе се придонесе за нивно подобро совладување на овие вештини, затоа што не е исто од прва година и додека студирате да ги користите или само во прва година.

Исто така, јас имам свое мислење околу овие потези на Владата. Мислам дека најповеќе се предлагаат вакви мерки во недостиг на конкретни резултати од страна на Владата во она што значи суштинско подобрување на животниот стандард на граѓаните, па Владата се обидува со вакви

популистички мерки да ја придобие наклоноста на одредени целни групи. Затоа се одлучува на вакви популистички методи.

Ние немаме ниту прилив на странски инвестиции, немаме зголемување на вработувањата, немаме подобрување на животниот стандард и затоа Владата, во услови кога поради засилените контроли по фирмите и по даночните обврзници имаат зголемени приливи се решава средствата да ги потроши за или кампањи или за некои популистички методи, се со цел да купи време или да го одржи својот рејтинг на високо ниво.

Навистина, господине министре, би сакале, зошто не се решивте да обезбедите, сакаме да знаеме зошто не се решивте да обезбедите компјутери буквално за сите студенти, ако веќе имавте кампања "Компјутер за секое дете"? Би ги замолил сите пратеници сериозно да размислат околу оваа дилема, бидејќи ако сег се потрошат овие средства, ќе остане за размислување зошто не се создадоа услови универзитетите комплетно, како што е планирано и основните и средните училишта да се опремат со компјутерска технологија, што ќе опфати значително повее целни групи и ќе ги оспособи со вакви вештини за користење на оваа технологија. Затоа би ги замолил колегите пратеници да го поддржат амандманот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Имам краток одговор на прашањето зошто Владата не се одлучила да обезбеди компјутер за секој студент. Имено, студирањето е малку различно, технологијата за изведување на наставата од тоа што се одвива настава во основните и средни училишта. Тоа добро го знаеме. Не можам да се согласам дека на универзитетите и факултетите немаат сопствени инвестиции за да овозможат пристап до компјутер на студентите, во зависност од нивните материјални можности. Некаде повеќе, некаде помалку.

Министерството за образование и наука, веројатно, еден од своите приоритети во иднина ќе го има и овој момент.

Зошто се определивме токму за оваа целна група, за завршните години? Од неколку причини.

Прво, сметаме дека навистина студентите кои за десетина месеци ќе се најдт на пазарот на работна сила, во завршната година и заради мотивација и заради способностите што треба да ги доизградат, компјутерите им се најпотребни, потребни се на секој студент.

Бројката на студенти во завршните години, тоа е проверено, одговара на бројот на вредносни бонови или ваучери што Владата има намера, во рамките на материјалните можности во оваа фаза да ги издаде. Некаде околу 10 илјади. Со ребалансот беа обезбедени средства на сметката на Генералниот секретаријат на Владата, во денарска противвредност од околу два милиони евра. Сумата се поклопува на овој начин.

Во некоја идна фаза, најверојатно до колку владата располага со средства, може да се појави пред Парламентот за некоја друга иницијатива.

Само накратко, зошто посебен закон за оваа материја, имено станува збор за хартија од вредност, за вредносни бонови, за ваучери кои, заради еден транспарентен начин, од аспект на нивната емисија, ракувањето со нив, дистрибуцијата, реализацијата и тн., најдобро е да бидат на еден регулиран и транспарентен начин и мислам дека пратениците ќе го поздрават овој гест на Владата. Инаку и од правниците во Владата така бевме советувани дека тоа треба да оди со закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеник господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Му благодарам на министерот.

Тоа што го говоревме навистина отвора дилеми, ако веќе Владата обезбедува компјутери за основно и средно образование, тогаш навистина не е јасно, како што зборуваше и колегата Герамитчиоски, без оглед на различниот начин на одвивање на наставата на високообразовните институции, не се обезбеди континуитет во таа информатичка обука на граѓаните и зошто само на оние кои запишуваат завршна година на студии им се дава можност да користат компјутери.

Лично мислам, господине министре, дека кога ќе дојдете во завршната година и многу подобро ги познавате информатичките технологии и сте запознаени со истите, многу ќе беше подобро да се обезбеди континуитетот од средното, за оние кои ќе продолжат на високото образование да можат да ги користат информатичките технологии.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Во врска со поддршката на овој амандман, би сакала најпрво да се навратам на причината и итноста околу донесувањето на овој заон.

Во самото образложение кое доаѓа од Владата на Република Македонија преку својот овластен претствник, министерот за финансии стои дека во фокусот на овој закон е ставена помладата ајти активна генерација.

Ако станува збор дека таргет група, целна група која е опфатена со овој закон, а тоа се апсолвентите, чија возрасна група претпоставувам дека се движи меѓу 22 и 25 годишна возраст, не можеме да говориме за помлада ајти активна генерација. Значи тоа се веќе оформени луѓе, луѓе кои за десетина месеци, како што кажа министерот ќе се најдат на пазарот на работна сила.

Она што ние го предлагаме со овој закон е детерминирање, односно зголемување на таргетната група која треба да биде опфатена со овој проект кој ние пратениците на Социјалдемократскиот сојуз ја поздравуваме, но сметаме и имаме свои дилеми околу начинот и итноста на предлагањето на овој закон. Само пред недела дена го донесовме вториот ребаланс на Буџетот, а сег Владата не убедува дека веќе биле обезбедени, претпоставувам со вториот ребаланс на Буџетот средства за овој проект. Тогаш моето директно прашање до претставникот на Владата е, зошто во општиот дел кој ни беше доставен како материјал при разгледување на ребалансот, не постои ни збор дека оваа Влада намерава да го спроведува овој проект. Овде пишува точно дека остварување и цели за оваа година се два проекти. Проектот “Компјутер за секое дете” и проектот “изградба на училишно спортски сали”.

Остана неодговорено прашањето, премлчено прашањето од точно која програма на Буџетот и од која буџетска ставка ги обезбедувате овие 123 милиони денари. Ставањето на вој проект на полутранспарентен, односно нетранспарентен начин на ставките договорни услуги, трансформации, раздели 464 или 483, за кои ние стварно немаме одговор, претставува нетранспарентно донесување на Буџетот, односно ребалансот на Буџетот на Република Македонија.

Во Предлогот за донесување на овој закон стои дека Владата на својата седница одржана на 6 октомври о.г., т.е. оваа сабота што веќе измина, Владата се одлучила по итна постапка до Собранието да го достави овој проект. Со оглед на тоа дека веќе знаеме дека нашата Влада држи ноќни седници, во доцните попладневни часови, сведоци бевме дека сите министри заедно со премиерот го обзнанија во медиумскиот простор овој проект. Значи пред да биде одржана седницата, јавноста во Македонија беќе запознаена со овој проект. Значи одевте господине министер на факторот изненадување на јавноста, но изненадување и на пратениците во Собранието кои треба да го гласаат овој закон. Што апсолутно ја открива вашата намера исклучиво во популистички и политичко маркетиншки цели да поднесувате вакви закони. Не сакам да помислам, но намерата ви е јасна. Кога ја определувавте таргет групата вам поисплатливо ви изгледаше да донирате, односно да се покажете кај онаа целна група, т.е. апсолвентите кои на идни избори предвремени или времени, ќе видиме, ќе покаже историјата, ќе ви бидат достапни како гласачи. Е тоа веќе е апсолутен политички примитивизам. Заради тоа предлагаме, не само апсолвентите, туку и бруцошите да бидат опфатени со овој закон.

Зошто и како веќе чувте од моите колеги, само ве молам немојте да образлагате дека Буџетот на Република Македонија нема финансиски капацитет да го издржи ова.

Во последниот ребаланс одделивте цели 170 милиони денари дополнителни средства од граѓаните за промовирање на вашите политички кампањи. Кога имате средства да финансирате разни маркетиншки проекти, снимање на спотови, тогаш може и добро е, ја имате поддршката од опозиционите пратеници, не само секој апсолвент, туку и секој бруцош во Република Македонија да добие вредносен ваучер, со кој ќе може да си набави компјутер. Се согласувам во образложението со вашите цели кои сакате да ги постигнете. А тоа е директно ќе се влијае на зголемување на ПС пенетрацијата во државата и воопшто на развојот на информатичкото општество, од кој верувам дека сите граѓани на Република Македонија ќе имаат корист.

Значи господине министер барам да го преиспитате вашиот став и да видите дека амандманот не само што е логичен, туку е и праведен. Бруцошите во Република Македонија кои ги има околу 18 илјади, заедно со десетина илјади апсолвенти кои ќе се запишат во оваа учебна година да добијат средства од Владата, од Буџетот тоа се средства на граѓаните на Република Македонија, а во исполнување на целите кои самите ги наведовте при предлагањето на овој закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Герамитчиоски Тале, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Јас се извинувам што втор пат се јавувам за овој амандман, ама ме провоцира дискусијата на министерот.

Вие почитуван колега сте и професор унвиерзитетски. Не можете таму во Владата да ги убедите дека прав момент и искрена намера за реализација на ваков позитивен проект е да се опфатат и бруцошите. Па вие самите знаете дека овие, сегашната генерација на бруцоши прво ќе имаат обврска факултетите да го сменат начинот на оценување или контрола на квалитетот кај оваа групација преку таканаречено континуирано оценвување во кој што кредит системот треба да биде опфатен со број на работни часови кои што студентот ќе треба заедно со професорот да ги одработи и да се регистрираат. Тоа неминовно значи бара и наложува компјутерска информатичка технологија да биде вклучена во меѓусебната комуникација помеѓу професорот и студетот.

Уште повеќе, значи начинот на кој што собено во техничките науки сега се изработуваат проектните задачи преку користење на апликативен софтвер или специјализиран софтвер за поинакви цели и намени. Мора да се овозможи да се добие поедноставен и полесен пристап за информатичката технологија.

Точно е дека факултетите поседуваат одредена опрема, но и самиот знаете дека таа е недоволна, тешко пристапна заради огромната бројка на студенти кои, пред се, државните факултети, во трка со приватните ја практикуваат и не им

обезбедуваат еднакви услови како што студентите ги имаат на приватните универзитети, односно факултети.

Ако имате искрена и чесна намера, како Влада, да ги помогнете студентите, прва приоритетна целна група би требало да ви биде сегашната генерација на бруцоши, во која што навистина како Влада и како држава сите ние ќе инвестираме вонивната подготовка или добивање на подобри услови во однос на другите генерации и тоа ќе биде навистина радикален пресврт во обезбедување на услови за студирање кај студентската популација.

Апсолвентите не ги исклучуваме. Еве, ја почитуваме вашата заложба или матичните образложенија да се снајдат за 10 месеци на пазарот на трудот како ќе добијат своја идна професионална ориентација. Во овој момент треба да се изјасните, ако навистина сте имале чесна намера, ќе ги вклучите и бруцошите. Ќе го усвоите овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика пратеник господин Ѓорчев Владимир, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам.

Потпретседателе, ги слушнав дискусиите што пред малку ги имаа колегите пратеници, јас би кажал само дека во ред, знаеме дека потребите од компјутери во нашето општество, во нашата држава се навистина големи и помеѓу бруцошите и помеѓу апсолвентите и помеѓу студентите од другите години и помеѓу средношколците и тн., постдипломците и тн. Но сепак, нашата држава ги има овие можности што ги има и навистина прв пат, прв пат во Република Македонија ќе спроведеме еден ваков чекор, што е ваков добар, што е позитивен со кој што ќе имаме исчекор во позитивна насока.

Средствата во Буџетот се тие. И мислам дека треба сепак ако веќе се даваат вакви предлози да се биде малку само критичен и да се каже зошто на пример Владата на Социјалдемократскиот сојуз не го направила истото и зошто на пример, тогаш не се дадени толку многу ваучери за кого што зборувате значи и за бруцоши, и за втора година, и за трета година и за апсолвенти и за постдипломци и зошто тогаш на пример као што вие велите 200 евра малку се, па сега предлагате 500 евра. Да бидеме искрени. Сите би сакале да можеме да им поделиме ваучери, на сите студенти во Република Македонија , на сите постдипломци не за 200 туку 500 па нека биде и за 1000 евра. Но тоа може да си го дозволи Кувајт, Катар или една Шведска. Но, Република Македонија сепак со овие можности скромни кои што ги има, но далеку поголеми од оние од пред една година или две, за време на Владата на СДСМ прави чекори кои во таа насока се значајни и кои се позитивни. Ваквиот приод и ваквиот пристап на Владата треба да се поздрави и мислам дека резултатите во тој поглед се видливи. Каде е спордбата? Пред само една ипол година се сеќаваме сите на вестите видовме дека во Македонија имаме најмалку корисници на интернет од сите европски земји, единствено Албанија има помалку по жител. Значи, од 50-тина земји во Европа помал процент на корисници на интернет имавме тогаш само во Албанија. Со оваа политика која што ја имаме во моментот на оваа Влада и на оваа гарнитура, сепак само за една година ги претркавме во тој дел Србија, Косово, Босна и Херцеговина, Молдавија, Грузија и Азербејџан. Мислам дека во тој дел сепак не се земји со голема референца, не се работи за Словачк, или Чешка, земји кои би сакале и понатаму да ги постигнеме, но навистина се работи за еден значаен исчекор и тренд со компјутеризацијата и интернетизацијата што продолжува и треба да ги поддржиме.

На крајот само би рекол да, нашите желби се навистина поголеми, но можностите се ограничени. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеник госодин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван колега, ние ве поддржуваме во тие заложби и уште повеќе ве поттикнуваме еве да се прошири групата за која имате добри намери. Овие ваши проекти се сеуште во најава, ефектите уште ги немаме видено. ќе видиме како ќе се реализираат и ќе зборуваме. Дај боже да биде се на добро, ама еве една година помина, комјутер за секое дете уште нема. 100- те илјади компјутери уште не се стигнати за основците, а за средношколците постојано одбивате и да бидат поделени.

А зошто ние не сме го напрвиле тоа во времето кога СДСМ бил во Владата одговорот мислам дека го знаете - ние ја полневме финансиската дупка што ја остави Владата на ВМРО ДПМНЕ кога министер за финансии беше Никола Груевски и за тоа можеме да дебатираме и дискутираме на долго и на широко, но во минута време навистина не е возможно тоа да се направи. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам потпретседателе.

Сметам дека заложбата за развој на информатичката технологија треба да биде заедничка на сите нас, на сите политички партии, на сите оние што можат да помогнат на младите генерации. Меѓутоа, могу е важен и начинот на кој што тоа се прави или пак од начинот на кој се образложуваат ваквите заложби може да се види дали станува збор за искрена заложба да се помогне на младите генерации или пак зад тоа се крие нешто друго. Јас сум уверена од начинот на кој се пропишани одредбите од законот, зад овој закон се крие нешто друго, а најмалку грижа за студентите што за прв пат се запишани на последна година од студиите. Сметам дека законот не е резултат на работа на Владата

согласно потребите за долгорочно планирање на финансиските средства согласно стратешките приоритети на Република Македонија, туку јасно покажува дека Владата работи адхок секогаш кога ќе се соочи нешто негативно во однос на рејтингот на Владата. Тогаш секогаш во вакви ситуации предлага нешто со што се обидува да ги неутрализира таквите настани, па таков е и овој случај.

Конкретно ќе објаснам што значИлија Китановски тоа и во однос на овој закон. Во јавноста се популаризира грижата за младите генерации, желбата за развој на информатичката технологија за која многу слушавме изминатава година од страна и на премиерот, на претседателот на Владата Груевски, и од страна на министрите и од оние што не се задолжени конкретно за ваквиот ресор, меѓутоа, сега ваков закон за издавање на вредносни бонови, ваучери се поднесува во идна постапка во Парламентот во 5 до 12, а ќе кажам што значи тоа во овој случај 5 до 12. Потребата од итно донесување на законот се образложува со одредбите на Законот за јавни набавки, според што треба да се изврши дизајнот и печатењето на ваучерите.

Јас навистина прашувам дали ако Владата имала искрена намера да издаде вредносни бонови и ако тоа сакала да го направи согласно Законот за јавни набавки, оној што е сега на сила, дури во октомври месец ќе поднесеше предлог за донесување со предлог на закон, односно дефакто Предлог на закон затоа што таков е Деловникот за оваа постапка имаше време, значи Владата ако сакаше да го почитува Законот за јавни набвки имаше можност тоа да го направи порано, дури порано од поднесувањето на измените на Буџетот, за да може навистина ако ја образложи потребата од донесување на ваков закон законот да се донесе и целокупната постапка да се спроведе согласно законот за јанви набавки. Тука е присутен и министеот и го замолувам ако може да ни објасни, согласно кои одредби од Законот за јанви набавки ќе се извршат јавните набавки. Во овој момент, веќе е октомври месец, скоро половина на октомври месец, законот се доставува во Парламентот вчера, еве, расправаме по него, треба да се спроведе, значи да се донесе законот, потоа печатењето, дизајнот и печатењето на ваучерите согласно законот за јавни набавки го врши Министерството за финансии, што е предвидено во членот 6. Во кој рок ќе се спроведе таа постапка, дали во скратена постапка од 36 дена и во таков случај, значи да се води таа постапка, невозможно е од денес, заклучно до 15 декември да се очекува постапката да биде завршена, ако се има предвид и можноста за поднесување жалби од оние што се заинтересирани, за да може согласно член 10 како што предлагате ваучерите да се користат за купување компјутери најдоцна до 15 декември 2007 година, а субјектите, се мисли на оние трговски субјекти, трговски друштва, можат да ги достават ваучерите за наплата до Генералнот секретаријат на Владата најдоцна до 22 декември.

Ова почитувани колеги значи, дека Законот сега се пушта за да може да се најде оправдување за итност, значи итно, јавно набавување на тие ваучери, а тоа да се изврши со непосредна спободба. Не гледам друга причина зошто толку доцна се доставува овој закон во Парламентот. Значи не е основно прашањето за грижа за младите генерации, туку е прашањето за тоа да се направи уште една непосредна спогодба, уште една јавна набавка со непосредна спогодба. Мислам дека ова овозможува заклучок дека случајно Владата ги избрала студентите запишани во завршна година бидејќи нема никакво образложение ове, зошто баш студентите од завршна година, дека тоа можело да бие и со било која друга година, прва, втора, трета, или не знам која друга. Токму за тоа ние предлагаме да се вклучат, ако навистина се покаже грижа за младите генерации, да се вклучат барем оние што подолго ќе бидат во високото образование, а тоа се и студентите од 1 година.

Дека законот е правен набрзина покажува и фактот што во членот 11 има недоречена одредба, а тоа е: "во случај распределениот износ на бројот на ваучери на високообразовни установи да не биде целосно искористен, високообразованата установа е должна да го извести Минисерството за финансии за неискористениот број и сериските броеви со цел да се преотстапат на друга високо образована установа кај која има поголем интерес од процентуалното право на ваучери, што е доделено со став 1". Ако овие ваучери се однесуваат на сите високообразовни установи во Република Македонија, се прашувам тогаш ако не се искористат од сите високообразовни установи како што е предвидено, на која руга установа ќе се преотстапат? Навистина нејасно решение, па дури не знам дали Владата во ова брзање за пишување на овој закон ги имала предвид и одредбите од Законот за заштита на лични подтоци и дали тие одредби се применети во однос на инфорамциите што треба да се достават од страна на студентите, кои ќе бидат достапни на трговските друштва што ќе бидат избрани за трговски. . .

**Иван Анастасовски:** Јас се извинувам меѓутоа, зборуваме за членот 1, за амандманот, а потоа ќе имаме расправа по текстот.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Во ред потпретседателе, јас зборував и за членот 1, меѓутоа, имајте предвид дека поради итноста на постапката поради што законот беше доставен, директно во форма на Предлог закон, ние сме оневозможени практично да зборуваме по потребата од донесување на закон и мораме да најдеме мачин да ги искажеме своите ставови. Секако имаме можности кога ќе се дискутира во одос на Предлогот на законот меѓутоа морам да кажам дека сите овие одредби заедно се поврзани и уште еднаш ќе повторам укажуваат сосема на постигнување на други цели што

Владата сака да ги постигне со овој закон во спордба со она што нас овдека како образложение ни даде. Затоа апелирам, до колегите пратеници да го поддржат амандманот измена на членот 1 односно дополнување на членот 1 од Законот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика министерот за финанси, повелете.

**Трајко Славески:** Само на едно од прашањата одговор она што се однесува за јавната набавка, за услугата, печатење на вредносните хартии, односно понуди, ваучери, проценката е дека оваа јавна набавка не надминува вредност која што законот ја вбројува во набавка од мал обем, тоа е денарска против вредност до 3000 евра, и процедурите се јасни. Во рок од осум дена се прибираат најмалку три понуди. На тој начин надлежните институции ќе ја направат таа јавна набавка.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеник госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам потпретседателе.

Значи во секој случај се потврдува тоа што го зборував, и направени се сите испитувања и сите прогнози за да може непосредно да се склучи договор. Дали е со собирање на три понуди, или пак со непосредно спогодување, во случајот е помалку важно, важно е дека нема редовни постапки, за јавни набавки, како што Владата се обидува во јавноста да го прикаже своето работење, токму за тоа за да може и во случаи кога овие износи се поголеми да се случуваат вакви договори, Владата ни предложи, вчера расправавме, измена на законот за јавни набавки, каде што оваа вредност наместо досегашните 3000 иљади евра ќе биде 5 иљади, па тогаш и за поголеми износи ќе може на ваков начин да се оди.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник господин Илија Димоски, повелете.

**Илија Димоски:** Благодарам потпретседателе.

Сосема кратко, јас ценам дека Собранието на Република Македонија врз основа на консензуалната согласност дека треба да се донесе ваков закон успешно ќе ја заврши својата работа во текот на денешниот работен ден. Се надевам дека нашите дискусии ќе бидат многу попрецизни и конструктивни. Јас се јавив само за да повторам одредена констатација дека ова што се кажува за непосредна спогодба се однесува исклучиво за печатењето на ваучерите. Да не се создаде заблуда кај граѓаните на Република Македонија, значи тоа се однесува за печатењето на ваучерите која што е набавка поголема од 3 иљади евра.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам колегите пратеници да влезат во салата, бидејќи ќе присапиме кон гласањето.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата, а колегите пратеници да седнат на своите места.

Во салата се присутни доволен број на пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, за гласале 12, нема воздржано, 52 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандманот на член 1, член 5 ставови 1 и 2, член 10 ставови 1 и член 12 став 1, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Тале Герамитчиоски, Марјанчо Николов и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе,

Бидејки почнавме во еден можеби Деловнички, во секој случај Деловнички, но не природен редослед, затоа зборувајки за амандманот, можеби Ќе допрам и некои други точки, што секако се дел од овој амандман и дел од идеата на Владата. Иако членот 175, тоа и госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска го зборуваше, итноста ја поврзува со спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството, или интереси на безбедноста и одбраната на Републиката, или случаи на поголеми природни непогоди и епидемии, Владата се реши, а парламентарното мнозинство тоа го прифати, денеска по итна постапка расправаме за еден закон кој што и самата постапка асоцира на начинот на кој што е напишан, а тој е напишан поитна постапка, со многу недоречености и дупки.

За жал, моравме дел од пратениците кои што ги читаме законите да го прекинеме присуството на синоќешната прослава на роденденот на Канал-5, затоа што во 22,00 часот добивме порака дека наводно, денес ќе имаме седница за закон кој што го немавме добиено до денеска до 9,00 часот наутро. И тоа зборува како се третира Парламентот во Република Македонија од страна на Владата, а како парламентарното мнозинство размислува што е тоа демократија. Затоа денеска од Волшебникот од ОЗ, како што ќе го нарече еден новинар од МТВ, волшебникот од ОЗ денеска ни достави закон под итна постапка со кој што ќе се потрошат државни буџетски средства и мислам дека Парламентот е најдобро место за да укажеме дека освен добрата идеа, освен популизмот кој штоне може да го научи волшебникот од ОЗ што е демократија и како таа

се води, да укажеме на некои работи за можни, или да се ослободиме од можни злоупотреби на оваа идеа. Или да споделиме дали ова е дел од некоја стратегија, за која што зборуваше и господинот Ќуркчиев.

Оваа Влада на Република Македонија покажа и докажа дека нема никаква стратегија во развивањето на информатичкиот бизнис во Република Македонија. За разлика од мојот колега Александар Николовски, јас нема да кажувам работи дека тој што не е експерт не треба да зборува за оваа тема, туку секој што се чувствува како пратеник да зборува за оваа тема е добродојден да дискутираме, вклучувајки го и апсолвентот Влатко Ѓорчев, кој што можеби ќе добие компјутер сега од страна на Владата. Имаме и таков амандман. Дека Владата нема стратегија е јасно, бидејки овој предлог за жал, не доаѓа од консултации со бизнис заедницата, со Комората МАСЕТ, со Сојузот на стопанските комори, кои што, како стручни да и помогнат на Владата во креирањето на приоритетите за развивањето на овој бизнис.

А дека претходната Влада посебно место и даваше на развојот на инфорамтичката технологија, ќе го наведам со два факта. Претходната Влада беше прва Влада која воведе посебна ставка во Буџетот на Република Македонија,односно посебна програма за Е Влада, што оваа Влада во Буџетот ја избриша.

Второ, по анализа на Универзитетот Браон од САД направена во јуни, јули 2006 година, Македонија по нудење на Е Владини услуги е рангирана на 31 место. А да потсетам, на таа ранг листа Србија е на 48 место, Хрватска и Грција на 86, Бугарија на 113 и Албанија на 132.

За жал, сегашната Влада на Република Македонија не направи ни една владина услуга на македонски јазик, или на јазикот на заедниците во Република Македонија, за да го подобри ова, или да направи нешто. Затоа велам, нема стратегија, бидејки купувањето на хардвер е само една компонента која не може да донесе до решението. На Македонија под итно и требаат содржини, кои што ќе можат да ги искористат. За жал, во таа невештост и брзање, иако Владата имаше време од ребалансот да го спреми ова, бидјекиочигледно имало пари, но претставникот на предлагачот не чувствува потреба дека тоа треба да го образложи во ребалансот на Буџетот на Република Македонија и да каже дека има предвидено 2 милиони евра за една активност, а не го кажал тогаш, бидејки тогаш не ќе можеше парламентарното мнозинство да врши притисок дека само поради платите тоа да побрзаме да го направиме, за да можат пратениците и министрите да имаат поголеми плати, туку тоа мораше да почека, па да помине таа награда или тој подарок од волшебникот од ОЗ, а сега имаме нов производ, или нова понуда телешоп понуда од волшебникот од ОЗ.

Амандманот се однесува на допрецизирање на идеата на Владата, а тоа е дека не се набавуваат компјутери, туку се набавуваат дел или половични компјутери, зашто и во печатот се појавија доста коментари денеска дека предвидените средства не се доволни да се купи еден компјутер, тоа го кажа и премиерот и дека граѓаните ќе треба да си доплатат за да купат компјутер. Затоа, велиме дека не се работи за набавка на компјутери, туку се работи за набавка на половични или дел од компјутери. Затоа имаме уште еден амандман каде што бараме за купување на компјутерска конфигурација, односно и мониторот да биде дел од оваа компјутерска конфигурација .

Потоа останува дилемата зошто Владата се решила за набавка на компјутери, односно само од кукиште, а без монитор, кој што во оние монитори каде што има дигитални влезови и излези се оданочуваат со 18%. Можеби тука има некоја смисла.

Нашата загриженост како СДСМ е колку е Владата спремна сето ова да го направи транспарентно и да има контрола на сите активности. И амандманите што ги даваме одат во таа функција. Не сакаме и овој проект да заврши неуспешно како проектот 100 илади компјутери за основните училишта. Да ве потсетам, кога го носевме еден од многуте ребаланси на Буџетот за оваа година во јули месец, укажувавме дека Владата, тоа и самата Влада го кажува, по тврдење на господинот Ставрески дека нема доволно пари за набавка на компјутерите кои ќе се обезбедат од еден ребаланс, или од другата година, кои со постоечкиот закон за Јавни набавки, таква комбинација не е дозволена. Да биде трагедијата поголема, волшебникот од ОЗ, често не памти или не се сеќава што ни ветувал. Така да, кога ни вети дека 100 илјади компјутери ќе имаме на 1 септември, за тоа заборавил, па освен во Асуц, не знам дали во друго школо се донесени. Вчера на телевизија во Гевгелија ќе истакне дека 30 илјади компјутери има стигнато во пристаништето во Солун. Што значи, за тендерот за кој што биле обезбедени средства, а не биле, со што е повреден Законот за Јавни набавки и да не се чудиме, веќе и тоа ќе излезе на виделина, како што излезе сега, денеска од Транспарентност улта корупција за плацот, дека на недозволен начин му е доделен на компанијата, па сега Миле нека му мисли, вечер што ќе прави. Толку ќе се покже деканиту имало обезбедени средства, нити набавката можела да се пренесе од 2007 за 2008 година, или пак зошто ДДВ-ето е намалено во меѓувреме па компјутерите сега стигнуваат во Солун, се во Солун 30 илјади, а на пат биле уште 40 илјади, по она што го изјавил премиерот вчера во Гевгелија. Затоа ние сакаме да кажеме или да предупредиме ваквите проекти кои што се вршат без стратегиоја, без концепт, без соработка со бизниз заедницата кои се базираат само на топ шоп продуктите на волшебникот од ОЗ, не завршуваат секогаш добронамерно, без оглед на добронамерната идеа, ние ќе ја поздравиме и ќе ја гласаме. Затоа сметам дека за да биде попрецизно, и да им се каже на граѓаните

покоректно дека за тие пари не можат да купат компјутер, како што го вели тоа бизни заедницата, туку треба да додадат уште малку пати. И тоа дека ќе купат само куќиште, но ќе им фали глувче компјутерско, или ќе им фали монитор. Тоа е коректно да се каже и затоа амандманот го предлагаме, да не се вика купување на компјутери, туку купување на половични компјутери, односно дел од компјутерска конфедерација. Се надевам дека целиот овој концепт еднаш засекогаш ќе тргне. За жал, компјутерите не можат да им помогнат на некои луѓе во воспитувањето. Не се толку семоќни и сеуште ќе дофрлуваат. СеуШте ќе бидат 6 години прва година на факултат. Тука не помага компјутерот. Тоа се прави од 4 до 7 одделение. Ама сега, што да правиме, таков е овој состав на Парламентот. Кога сеисто ќе им биде на пратениците од парламентарното мнозинство да го прочитаат законот во 9 сабајле и да гласаат за него во тој ден. За тоа не помага компјутер. Така демократија не се учи, така не се создаваат демократски вреднсоти во една држава. Така го цениме Парламентот. Но, тоа не е политичка култура, тоа е домашно воспитување.

Затоа сметам дека е покоректно, за да знаат сите, да се каже дека Владата мислела само на купување на куќиште без монитор и затоа велам покоректно е да стои половичен компјутер, или дел од компјутер, зависи од Владата како ќе се реши тоа поконкретно и попрецизно да го направи. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути пратеник господин Ѓорчев Владимир, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе.

Мислам дека станува збор за неумесна и лицемерна репликаод страна на пратеникот Јани Макрадули, на која што навикнавме. Кој е мотивот? Мотивот е дека главен имплементатор на нешто што е поврзано со компјутеризацијата на оваа држава, која што 17 години е испокрадена од другарите и налогодавците на Макрадули, нема да го спроведува Семос, ниту пак ќе имплементира неговата шефица Шекеринска без тендер, нештоповрзано со Мајкалсофт, со лиценциран софтвер и т.н. Уште повеќе, нема во оваа постапка за набавка на компјутери да имаме братучеди цариници на Јани Макрадули на преминот Меџитлија кај Гевгелија, кои што ќе го спроведуваат овој тендер, ниту пак ќе имаме набавки на РЕК Битола во кои што преку телефонски повик ќе се завршуваат набавките.

Значи, овие компјутери и овие ваучери ќе бидат слободни на пазарот, а ако веќе толку широкоградо претендирате да бидат набавувани компјутерите за поголеми категории на граѓани, јас би му предложил нешто на Макрадули, а тоа е да поднесе амандман, со кој што матурантките од Јосип Броз, кога тој имал 34 години од 1999 година, ќе можат да добијат бесплатни компјутери. Сигурен сум дека Јани Макрадули во врска со матурантките од 1999 година од Јосип Броз, сигурно би бил лично заинтересиран да добијат половен, или користен или некористен компјутер.

На крајот, би сакал уште неколку работи да кажам, а тоа е дека уште еднаш можностите за набавување на компјутери се тие. Би сакал да има многу повеќе компјутери кои што ќе бидат набавени, но не се, поради тоа што оваа држава има скромни можности и скромни перфоманси, затоа што ја искрадоа пријателите налогодавците и олигарсите на Јани Макрадули и слични те.

Токму поради тоа, Македонија нема толку компјутери, колку што има Чешка, колку што има Словачка, колку што има Словенија, или некоја друга држава, туку од ситуација на предпоследни во Европа, мораме многу побрзо да чекориме.

И на крајот, сигурен сум дека Јани Макрадули исто така лично разочаран затоа што нема да биде вклучен во компјутеризацијата како што бил вклучен во 2000 и некоја година, како што бил вклучен во врска со компјутерски софтвер, за некои тенкови, нивно движење, а чии што тенковски делови видовме во ова Собрание како завршија, кој правел, што правел.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** За дискусија.

**Иван Анастасовски:** Повелете земете збор.

**Јани Макрадули:** Благодарам господине потпретседателе, гледам многу Деловнички се однесувавте и го прекинавте пратеникот во однос на дискусијата. Се надевам дека ќе се подобри рејтингот на НСДП во очите на премиерот, односно волшебникот од ОЗ.

Кога Јани Макрадули беше дел од тимот што имаше и чесни луѓе и експерти од ВМРО-ДПМНЕ и кога се работеше во Република Македонија, се изработи стратегија, која што да потсетам беше промовирана на Светската конференција на ОН како една од најдобрите,односно најдобра во регионот.

Второ, кога јас бев дел од тој тим во изминатиот период Република Македонија, односно Владата на Република Македонија доби награда, прва награда за најдобро софтверско решение за владини услуги. Таму не пишува имиња и презимиња. Таму пишува Влада на Република Македонија. Кога јас работев на оваа проблематика и бев во дел од тим кој што имаше чесни луѓе од ВМРО-ДПМНЕ, тогаш стигнавме на 31-то место во владини услуги, многу пред Србија, Хрватска, Грција, Бугарија и т.н. и за тоа сум горд. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика пратеник госпоѓа Божиновска Валентина, повелете.

**Валентина Божиновска:** Ве молам, почитуван претседателе.

Јас се пријавувам од преѓеска и ве молам во иднина удирањето на колегите меѓу себе во највисокиот законодавен дом...

**Иван Анастасовски:** Се извинувам може ли да се сослушаме колеги..

**Валентина Божиновска:** Физичкото пресметување на пратениците во највисокиот законодавен дом, почитувани, според мене, ќе воведе мала дигресија е исто колку и употреба на разно - разно епитафи, метафори кон одредени личности итн. Ние сме парламентарци, ние имаме каде да го искажуваме својот став, можеме на прес конференции, можеме во свои колумни итн. Дозволете ми да му реплицирам на господинот Макрадули. Имавте една страшна судбина во тој период, бидејќи јас ова прв пат го дознавам, веројатно тоа го имам преспано, значи, имавте еден порт парол што се викаше Сашо Чолаковски и ако се сеќавате без напишано писмо кое по одлуките на вашата Влада, тој едвај ги читаше, не можеше да ги прочита, а не пак да направи популарност од сето тоа.

Тоа е ваша лична трагедија тогаш. Ваквиот популизам сега, во момент во кој на факултетите луѓето се радуваат во вид на награда и точно избрана фокус групата, дека тоа се студенти кои треба да запишат завршна година, не е случајно што се бруцоши, тоа е ваша трагедија.

Ве молам, потпретседателе, во иднина волшебникот од ДОС, замислете да го наречам господинот Макрадули заспаната убавица која треба 1000 години да дочека некој да го бакне за да направи нешто, во иднина ве молам никакви метафори, никакви епитафи, во тој момент имаме каде да се пријавиме за такви работи.

Сакам да апелирам, очекував дека овој закон ќе биде прифатен едноставно и од опозицијата и од позицијата и во принцип популизам, зборот популизам значи умеење на се она што е или минорно или некапитално да се направи капитално. Имиџ пиер значи како од себе да се направите популарен притоа неправејќи ништо или правејќи сешто. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика, господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Што да правите од луѓе што не знаат што е епитаф, не разликуваат епитаф и епитет. Веројатно епитаф може да ставиме на ВМРО Народна партија и тука да ја завршиме работата со таа партија или со они што смениле 76 партии и за три месеци.

Сега кога зборуваме за компјутерите, зборувајќи за поранешните портпароли сега ќе ја кажуваме приказната од почеток. Сепак госпоѓа Валентина Божиновска и остана должна на македонската јавност кога ја зборуваше вистината, во својата колумна кога зборуваше за четирите стана на господинот Груевски или сега кога гласа за сите негови предлози на волшебникот од ДОС, кој што така го нарече, јас цитирам, неговиот обожавател новинар Латас, пардон Слободан Томиќ, а јас не го измислив тоа. Тоа кажуваат неговите новинари. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги замолувам службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Ги молам пратениците кои што се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, за гласале 9, воздржани нема, 51 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-А по членот еден поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Весна Бендевска, Тале Герамитчиоски, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** За почитуваните пратеници, оваа листа на корисници на овие ваучери за кои што дебатираме и мислам дека имавме разбирање да се прошири за една мала, но вредна за внимание група студенти, без разлика на годината за студирање, тоа се лицата со хендикеп.

Направивме проверки во однос на бројот на студентите кои што студираат во Република Македонија, само што е лица со хендикеп или лица со посебни потреби, за терминологијата мислам дека имаме разбирање. Во ред, мислам дека се разбираме. Некаде околу 70-тина студенти на универзитетите, државни, јавни и приватни во Република Македонија спаѓаат во оваа категорија.

Владата го прифаќа овој амандман.

Лично ви благодарам за предлогот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 ставови 1 и 2 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Тале Герамитчиоски, Марјанчо Николов и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе,

Денеска видовме во медиумите, а и она што можеме по огласите во весниците да го видиме е

дека луѓето сопственици на компании кои се занимаваат со оваа област велат дека за да може да се купи еден компјутер кој што може да ги задоволи денешните потреби треба таа сума да биде поголема и затоа ние бараме сумата од 12 и 300 што ја предвидела Владата да се прошири на 30 илјади, значи да зборуваме за подобар компјутер но и кон луѓе врз компјутерска конфигурација во која што би се вклучиле и мониторот и еден принтер за да може комплетно да се заврши целата таа операција што сакаме да ја направиме реално за апсолвентите во Република Македонија.

Затоа го предлагаме овој амандман. Сумата што е предвидена согласно, сите денеска што зборуваат, директори на компании кои што ја поддржуваат и ја поздравуваат оваа идеја на Владата велат дека за една компјутерска конфигурација требаат малку повеќе средства и затоа ние се определивме да поднесеме амандман со вредност од 30 илјади денари. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги замолувам колегите пратеници да седнат на своите места односно да влезат во салата.

Ако може, службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Ги молам колегите пратеници да влезат во салата ќе пристапиме кон гласање.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, за гласале 9, нема воздржани, 49 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 ставови 1, 2 и 3, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Весна Бендевска, Тале Герамитчиоски, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеник господин Герамитчиоски Тале, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван потпретседателе, почитуван министер, колеги пратеници, значи на почетокот да искажам благодарност што го прифативте амандманот на пратеничката група на СДСМ за вклучување на студентите кои што се посебни потреби или хендикепираните. Да го разјаснам тој термин. И ние бевме во дилема кога го предлагавме амандманот, но од здружението "Полио плус" коЕ што водат грижа за оваа групација ни беше посочено дека правиот термин е тој кој што беше напишан во предлогот на амандманот и се заблагодаруваме и во нивно име бидејќи излеговте како Влада во пресрет и ги вклучивте во овој процес.

Овој амандман кој што е предложен беше во корелација со амандманот 1 по кој што предлагавме да бидат вклучени бруцошите, значи овде се финансиските импликации доколку беа вклучени уште и гурпацијата од 18-тина илјади студенти. Ние се уште сме на мислење и на став и цврсто сме убедени дека Владата ја погреши таргет групацијата, но тоа се две различни концепции, се разбира дека вашата концепција е во предност бидејќи вие управувате со државата, вие ја сносите одговорноста и ефектите од овој процес, оваа постапка, се надевам позитивни ќе ги видиме наскоро.

Бидејќи амандманот 1 не беше прифатен, беспредметно е воопшто да се инсистира за овој амандман и од името на предлагачите јас амандманот го повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 5 ставови 1 и 2, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Тале Герамитчиоски, Марјанчо Николов и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Неприфаќањето на амандманот е доказ дека Владата дава ваучери за дел од компјутерска конфигурација, односно дава ваучери за една компјутерска конфигурација што деновиве можевме да ја видиме во оние уметоци што ги има во новите,се разбира не сакам да ја споменам компанијата. Ќе видиме како резултат од сето она што ќе се случи после ваучерите, можеби ќе биде појасно целиот овој концепт на која конфигурација се заснова.

Значи, и сите во денешниот печат, сопственици на компании кои се занимаваат од оваа дејност укажуваат на тоа дека со тие средства од 200 евра не можат да се купи компјутер, а дека покрај компјутер, конфигурацијата, фали и монитор што можеби во некои случаеви ќе направи дополнителнен проблем и одредени студенти односно апсолвенти, за жал, ќе треба да се откажат од оваа поволност.

Од друга страна во таа брзина кога го пишувала Владата законот има направени пропусти, така на пример во членот 5 во тоа мешање на англиски и

македонски термини има некои непрецизности, така да сакам да укажам на Владата дека не постои АМД Сепрон  процесор постои СЕМ ПРОН процесор, значи не постои Сепрон процесор, и затоа не знам какви последици ќе предизвика, бидејќи во законот стои минимална конфигурација на нешто што го нема. Целата оваа реченица на Пентиум 4 Целерон или АМД Сепрон РАМ , а Сепрон нема таков процесор  па РАМ 512, ништо не значи, мислам дека можеше конкретно да се напише убаво за каква минимална конфигурација се работи или пак оваа задолжителна НИЦ картица или тоа НИЦ како што е напишано, исто мислам дека целата таа реченица се гледа дека законот е пишуван во 21 и е спремен за во 21 и 5 да се донесе во Собранието. И како непрецизност можеби ќе предизвика проблеми во праксата.

Знам дека нема време Владата да интервенира и да го корегира ова, но сепак оваа непрецизност ќе остане, ќе фрли сенка на предлогот.

Ние бараме да покрај и она што е интересно само во овој член, само во овој член пишува дека ваучерите се со еднократна употреба и се употребуваат како учество за купување на компјутери со минимум перформанси укажува дека Владата како и за секој проект досега само го најавува, фрла на маса нешто, а за имплементацијата  ќе видиме.

Мислам дека пратениците од парламентарното мнозинство треба да го прифатат овој амандман затоа што тој не влијае на средствата, а ваучерот ќе биде дел од една компјутерска конфигурација и затоа го предложивме овој амандман со желба прво да се разјасни дека Владата купила дел од компјутерска конфигурација.

Второ дека има една неточност за конфигурацијата непрецизност и нешто што може да создаде  забуна во јавноста, не пишува хард-диск, можеби некој ќе рече дека не следува хард-диск со сето ова и мислам дека во тоа брзање овој член ќе биде практично неупотреблив.

Затоа мислам дека Владата треба да интервенира со еден амандман каде што убаво ќе напише која е таа минимална конфигурација, а не вака убацени две од седум потребни термини од кои што два се грешни. Затао мислам дека може Владата да го прифати овој амандман или да напише мнозинството да го прифати овој амандман или Владата да спреми овој амандман кој што ќе одсликува нешто што постои во реалноста, а не вака погрешни термини. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги замолувам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме на гласањето.

Би ги замолил службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници кои се присутни во салата.

Би ги замолил колегите пратеници да седнат на своите места.

Ги замолувам уште еднаш колегите пратеници да влезат во салата ќе пристапиме кон гласање.

Бидејќи во салата има доболен број на пратеници, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, за гласале 9, нема воздржано, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 7а по членот 7, поднесен од пратениците Јани Макрадули Весна Бендевска, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Тале Герамитчиоски, Благородна Цветковска, Никола Поповски, Марјанчо Николов и Ацо Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа бидејќи се бара извештај од Собранието за целата операција од страна на Владата на Република Македонија, Владата ќе достави таков извештај, нема потреба тоа да се стави како законска обврска со некои други дополнителни барања како што стои тука во предлогот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Па добро затоа во јавноста и се оценува транспарентноста на Владата како лоша односно дека тие повеќе сакаат да се сликаат пред сопствениот простор, отколку да ја исполнуваат уставната обврска да бидат под контрола од Владата. Тоа го напишале во Уставот многу години порано некој и мислам дека тоа е еден механизам со кој што се гради и негува демократијата во една држава. Јас реков може Волшебникот од ОЗ да купи 6 милијарди компјутери колку што има во цел свет, но демократијата не се купува.

Парламентот има задача, една од покрупните задачи е да го штити и чува трошењето на буџетските средства. Ако има Владата добра идеја и ако е спремна да работи транспарентно, сака да даде извештај, ама не сака тоа да биде законска обврска, кажува само едно: нема политичка волја да се бори за поголема транспарентност во Република Македонија.

Амандманот кој го предлагаме го предлагаме во членот 7 за додавање нов член 7-а, бидејќи членот 7 вели дека исплатата по издадените ваучери се врши од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија по претходно доставено известување од Министерствто за финансии. Ние бараме Владата на Република Македонија до 31 јануари 2008 година до Собранието на Република Македонија, бидејќи согласно Уставот тоа врши политичка контрола над Владата, да достави

извештај за бројот на реализирани и платени вредносни бонови ваучери, бидејќи самиот закон вели дека некои можат да бидат неисплатени, извештај во кој ќе се каже субјектите од член 5 од овој закон колку компјутери продале и наплатиле од Владата на Република Македонија. Само на тој начин ќе можеме загриженоста на некои од сопствениците на компјутерските фирми и компании, кои денес ги читаме во дневниот печат, нивната загриженост Владата да ја демантира. Два милиони евра не се мала пара, два милиони евра кои министерот за финансии не ги кажа при последниот ребаланс на Буџетот дека се наменети за една акција, не се малку и граѓаните треба да знаат како се потрошени и каде се отидени тие средства.

Од друга страна, компаниите меѓу себе ќе имаат и појасна слика дали некој бил фаворизиран или не и дали некој факултет за жал влегол во некоја манипулација, што не верувам, или не. Бидејќи согласно законот се нуди можност за трансфер на ваучерите од еден факултет на друг и во самиот закон постои варијанта дека тие ваучери што нема да бидат искористени ќе бидат комисиски уништени до 10 јануари, иако не пишува која е таа комисија, кој ќе ја состави, како ќе биде формирана, дали ќе биде само од Владата или ќе биде и дел од бизнис заедницата, тоа не знаеме и кога министерот самиот денес потврди дека согласно Законот за јавни набавки дизајнот и печатењето на ваучерите ќе го направи со непосредна спогодба, зошто тој знае на недонесен закон дека тоа чини помалку од три илјади евра. Ние се сомневаме дека овде има неколку скриени, намерно оставени, капиџици, за што оваа Влада е мајстор тоа да го направи, за да може да си реализира нешто свое.

Затоа, не гледам причина Владата целиот извештај за она што се случило како законска обврска да го има да го достави до Собранието на Република Македонија. Само на тој начин можеме да се бориме за поголема транспарентност, само на тој начин можеме да се бориме за враќање на дигнитетот на Собранието како контрола, политичка контрола на Владата и активностите што ги прави со парите на граѓаните на Република Македонија. Реков со два милиони евра, согласно различни приоритети, можат да се направат многу работи. Владата се определи да ги брка гласовите на апсолвентите со купување на дел од компјутерска конфигурација, ни целосен компјутер не им дава. Затоа, имаме право да знаеме како целиот овој лекс специјалист, закон до сега невиден на овие простори ќе заврши и какви ќе бидат ефектите од истиот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Не знам дали да кажам дека очекував или не очекував поддршка од страна на министерот за овој амандман, меѓутоа, верувајте тоа за мене ќе ја одразуваше стварната и вистинска реална намера од страна на Владата да го предложи овој закон. До колку оваа Влада направи добар чекор кој ние го поддржуваме, иако голем број од нашите амандмани не беа прифатени, прифаќањето на оној амандман кој ние го поднесовме и сметавме дека е клучен и дека одразува едно навистина добро расположение да се води сметка за лицата со посебни потреби, да се стимулира нивно вклучување, нивна инклузивност во едно општество какво што на крајот на краиштата претендираме да бидеме, општество кое нуди еднакви можности за сите, очекував дека министерот ќе биде спремен не само да потроши два милиони евра од Буџетот, туку ќе биде спремен и да достави извештај пред нас, пред оние што го гласаме и го поддржуваме овој проект на Владата.

Значи господине министер, станува збор за буџетски средства. Тие денес од нас пратениците, без оглед дали се работи за владеачко мнозинство или опозиција барате поддршка. Зошто не ја барате и нашата поддршка заеднички да го разгледаме резултатот после оваа акција, од што се плашите. Или, дозволете да го прокоментирам законот, ќе издавате вредносни бонови ваучери, ќе бидете одговорни како министер за финансии за дизајн и печатење. Во член 13 спремни сте да побарате од високообразовните установи да достават извештај за бројот на распределени установи - до кого, до вас. Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија ќе биде должен за исплата кон трговците со компјутерска опрема и во член 17, надзор над наменското користење ќе врши повторно Министерството за финансии. Ова доликува на “кадија те тужи, кадија те суди”. Престанете од Парламентот да правите инструмент на Владата односно на извршната власт. Должни сте пред нас да доставите што ќе се случува со средствата на граѓаните. Не може ова да остане затворен круг меѓу Владата и нејзиниот орган Министерството за финансии.

Сакам со вас да го споделам она што денес во еден од печатените медиуми, кој направи еден допис со наслов “Акцијата Компјутер за апсолвентите ќе го размрда информатичкиот пазар” и во кој добро стои дека ова ќе претставува одлична можност за соработка на инфроматичките компании, дозволете ова Собрание на крајот на месец јануари да дебатира околу тоа што се случило, дали имало форсирање на субјекти од член 5, тоа се трговците со компјутерска опрема од нечија страна и ќе го цитирам господинот Александар Марјановиќ од Центарот за информатичка едукација “Александрија”, кој смета дека независно од сите првични пофалби и позитивни критики на овој владин потег речиси сите субјекти предупредуваат дека поделбата на ваучерите мора да биде транспарентна, а транспарентноста ќе ја заокружиме точно до колку извештајот биде поднесен пред овие што го гласаат овој закон, а тоа се пратениците во Собранието на Република Македонија. Господинот Марјановиќ вели дека е

неопходно додатно да се определат критериумите, да се дефинира кои се ќе ги добијат ваучерите и тој смета, цитирам: “Треба да се има доказ дека студентот ги има положено сите испити од трета година, запишал четврта година, за да не се случи некој друг да располага со ваучер, односно да не се случи груба злоупотреба и манипулација со овие ваучери”. Ако се слуат вели грешки и за тоа слушнат даночните обврзници односно граѓаните на Република Македонија, од каде што практично ќе се издвојат два милиони евра за оваа акција, тогаш Владата односно Министерството за финансии, односно претставникот на Владата господинот Славески ќе си направи антиреклама и тоа ќе и се врати како бумеранг.

Значи молам да се продебатираме до колку е спремен министерот како што излезе на говорница и ни се заблагодари за еден добар предлог, иако доаѓа од страна на пратениците од опозицијата да го прифати, а сега нека стане и нека образложи зошто за него е неприфатливо извештајот од оваа акција да не биде достапен до претставниците на граѓаните на Република Македонија односно пратениците. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Почитуван колега, има уште четири минути. Дали е доволно за вашиот говор?

Повелете, има збор пратеник господин Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Таман мислев дека направивме исчекор напред, се враќаме неколку чекори назад. Значи неприфаќањето на овој амандман, кој што чисто е од практични причини е во функција на транспарентност на работењето на Владата, односно Минситерството, не се прифаќа и не ми е јасно зошто. Ние преку пратеничко прашање во јануари месец 2008 година ќе побараме од вас да ни доставите во детали како се остварувала оваа трансакција. Зошто да се доведувате во таа ситуација, зошто сега да не бидете транспарентни ако нема некои задкулисни работи. Нема причина, 10 илјади корисници теоретски, јас ве уверувам дека 50% од нив нема да ја искористат оваа шанса или пак ќе ја искористат, па набрзо потоа ќе се јави еден црн пазар на продажба на компјутери во кој секој на секого ќе му продава компјутер, ќе купува компјутер по поефтини цени, но нема врска, важно е студентите да бидат корисници. Зошто не сакате да дадете извештај? Тој извештај ќе биде само во ваша корист, ако бидете успешни како Влада дека добро сте ја спровеле постапката, ќе можете пред овој собраниски дом, значи транспарентно, јасно и гласно да се пофалите за успешно завршениот проект. Ние само ви помогнавме во амандманот, но вие подадената рака не ја прифативте.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Овде завршуваме за денес почитувани колеги.

Продолжуваме утре во 10,30 часот со истата седница, а по завршувањето на оваа Седумдесет и петта седница, продолжуваме со Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата прекина со работа во 17,30 часот)